**Известување законцентрација помеѓуТОСКА ИОМ ФИНКО ЛИМИТЕД, Обединето Кралство иВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД, Англија(предмет бр. 08-74/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.04.2022 година,а дополнето на 11.04.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на создавање на на стекнување на единствена контрола од **ТОСКА ИОМ ФИНКО ЛИМИТЕД** со седиште на Соапворкс, Ордсалл Лејн, Салфорд, Обединето Кралство, М5 3фТТ, над **ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** со седиште на 6ти кат, Алфабета, 14-18 Финсбури Сквер, Лондон, Англија, ЕЦА 1БР, по пат на купопродажба на 100% од вкупната основна главнина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ТОСКА ИОМ ФИНКО ЛИМИТЕД** е претпријатије во рамките на ТалкТалк групата. ТалкТалк групата (ТалкТалк) е групација која обезбедува широкопојасен интернет, фиксна и мобилна телефонија и ТВ услуги. Нуди и ТВ програми на барање, паузирање и премотување на ТВ програми, снимање ТВ услуги во живо; и оптички широкопојасни услуги. Обезбедува вмрежување со податоци, пристап до интернет и безбедносни услуги за интернет, мобилен телефон и дома. ТалкТалк опслужува бизниси и организации од јавниот сектор, мали бизниси, партнери, системски интегратори, превозници и клиенти. ТалкТалк ги опслужува своите резиденцијални клиенти преку брендот TalkTalk и деловните клиенти преку TalkTalk Business Direct и на препродавачите преку TalkTalk големопродажните услуги.
Регистрираната дејност на ТОСКА ИОМ ФИНКО ЛИМИТЕД е нетрговско друштво.

ТОСКА ИОМ ФИНКО ЛИМИТЕД нема активности во Северна Македонија.

**ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** поседува и управува со најголемата големопродажна мрежа на оператори во Обединетото Кралство, со инфраструктура која опфаќа 180 градови низ целата земја. **ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** обезбедува мрежа со висок капацитет и мало доцнење, способна да обезбедува Етернет (Ethernet) услуги од 10Mb до 10Gb. Со користење на сопствена најсовремена мрежа и меѓусебно поврзување со водечките оператори од ниво 1 во Обединетото Кралство, **ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** обезбедува решенија низ најголемата мрежа на Обединетото Кралство; обезбедување на брзи, еластични интернет услуги, без оглед на локацијата. **ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД**, исто така, го проширува овој опсег и надвор од Обединетото Кралство во над 130 земји, преку клучните меѓународни партнери.

Регистрираната активност на **ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** е: други услужни активности за информатичка технологија.

**ВИРТУАЛ1 ЛИМИТЕД** има една подружница основана во Северна Македонија – Друштво за консултантски услуги ВИРТУАЛ1 СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7495048 со седиште на Борис Трајковски бр. 1-5 кат М3, зграда Фјетајрон, Скопје.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.04.2022 година
Скопје